14.03.25 Службено лице за инф. од јавен карактер Сања Јов Лазаров

# Влада на Република Северна Македонија

Генерален секретаријат
Сектор за правни работи

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката СКОПЈЕ

| Примено: 14-03-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 1677/2 | | |

Дата: 07-03-2025

Архивски број: 55 - 2071/2

До: Министерството за образование и наука

Предмет: Известување и проследување на надлежност на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

На ден 24.2.2025 до Генералниот секретаријат на Владата, Институтот за истражување и анализа на политики-РОМАЛИТИКО, достави барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, со повеќе прашања од различни области, во врска со Националниот Акциски План за 2023-2025 за Партнерство за отворена власт и Стратегијата за инклузија на Роми 2023-2030.

Имајќи го предвид наведеното, согласно членот 18 ставот (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето ви го доставуваме на надлежност за следните прашања:

▪ Министерството за образование и наука, прашањата со ред. броеви: од 3 до 8, 13, 14, од 17 до 20, 22 до 27, 34, 35, 65, 73, односно:

3. Број на ученици Роми запишани во основно образование (распределени по пол) за 2024/2025.

4. Број на ученици Роми кои завршиле основно образование (распределени по пол) за 2022/2023 и 2023/2024 година.

5. Број на ученици Роми запишани во средно образование (распределени по пол) за 2024/2025.

6. Број на ученици Роми кои завршиле средно образование (распределени по пол и општини) за 2022/2023 и 2023/2024 година.

7. Број на студенти Роми запишани во високо образование (распределени по пол) за 2024/2025 година.

8. Број на студенти Роми кои завршиле високо образование (распределени по пол, универзитет и факултет) за 2022/2023 и 2023/2024 година во приватните и државни универзитети.

13. Број на вработени Роми наставници во основите училишта во РСМ (разделено по пол, училиште и предметна настава).

14. Број на вработени Роми наставници во средните училишта во РСМ (разделено по пол, училиште и предметна настава).

17. Број на ангажирани педагошки помошници во основно образование на децата Роми за учебната 2023/2024 и учебната 2024/2025.

18. Број на ангажирани ромски образовни медијатори во основно образование за учебната 2023/2024 и учебната 2024/2025.

19. Ве молам доставете статус на следната активност на Владата-ревидирање на учебниците по изборниот предмет јазик и култура на Ромите (3 до 9 одделение)?

20. Број на ученици Роми кои ја искористиле можноста и мерката од 10% при упис во средно образование за учебната 2023/2024 и 2024/2025.

22. Број на доделени стипендии за ученици Роми од јавните и приватните средни училишта во РСМ за учебната 2023/2024 и 2024/2025.

23. Број на ангажирани ромски образовни медијатори во средно образование (разделени по пол, општина).

24. Каква е искористеноста на квотата за Роми при упис на факултетите, колку Роми ја искористиле квотата за 2023/2024 и за 2024/2025 (разделено по факултети).

25. Колку Роми добиле стипендија за високо образование за 2023/2024 и 2024/2025 (разделено по универзитети и факултети).

26. Дали е изготвена програма за комплетирање на основно и/или средно образование за возрасни Роми во 2024?

27. Број на возрасни Роми кои го комплетирале своето основно и средно образование во 2024 година и од кој фонд(буџетски средства или средства од проект и во рамки на кој проект).

34. Број на запишани студенти Роми на факултет за уметности во 2023/2024 и 2024/2025 (разделено по пол).

35. Дали е обезбедена квота за студенти Роми на Факултетите за драмска уметност, музичка култура, ликовна уметност, филмска уметност.

65. Каква е улогата на образовните институции во превенцијата на кривични дела од омраза кон Ромите.

73. Број на деца Роми со посебни потреби во државата заклучно со февруари 2025 година.

- Министерството за социјална политика, демографија и млади, прашањата со ред. броеви: 1, 2, 9,10, 11, 12,15, 51, 71, 74 и 75, односно:

1. Број на деца Роми запишани во претшколско образование (распределени по пол) за 2024/2025 година.

2. Број на деца Роми кои завршиле во претшколско образование (распределени по пол) за 2023/2024 и 2022/2023 година.

9. Каков е процентот на опфат на деца Роми во предучилишно образование за 2022, 2023, 2024 и 2025.

10. Број на Роми медијатори во предучилишно образование и стручни лица Роми вработени во градинките (разделено по пол и градинки и работна позиција) во 2024.

11. Број на родители на деца Роми приматели на ГМП и минимална плата во 2024.

12. Број на отворени центри за ран детски развој во ромски населби во 2024.

15. Колку работилници биле организирани со родителите Роми во 2024 со цел подигање на свеста на родителите Роми за потребата од ран детски развој.

51. Дали е донесен Закон за социјално домување, доколку не кога се планира истиот да биде донесен?

71. Број на Роми-жртви на семејно насилство (разделени по пол) се евидентирани во системите за 2024 година. Како државата и институциите се справуваат со семејното насилство, кои се мерките за превенција и заштита.

74. Дали и кои мерки ги презема државата за економско зајакнување на жените Ромки.

75. Ве молам обезбедете податоци за предвиден буџет за 2025 година за имплементација на Стратегијата за Роми(разделено по сектори/институции).

- Министерството за култура и туризам, прашањата со ред. броеви: од 28 до 33 и прашањето 36, односно:

28. Дали е основан Ромски Културен Центар во рамки на националниот буџет со обезбеден простор од државниот имот. Доколку е истиот основан, ве молам доставете информации за неговото работење.

29. Дали е формирана културна асоцијација на уметници, артисти, музичари Роми.

30. Дали постои дата база на податоци на талентирани млади Роми (историчари, уметници, етнолози, лингвисти), доколку да, ве молам да доставите повеќе информации.

31. Број на поддржани индивидуални уметници и организации за развој во рамки на националниот буџет за култура во 2024.

32. Број на поддржани културни проекти за Роми во 2024 од националниот буџет за култура.

33. Број на вклучени Роми во работните комисии во сектор за фолклор и сектор за книга при Министерство за култура.

36. Дали е планирано доделување на награда или признание за несебичен придонес кон негувањето на јазикот и културата на ромската заедница во рамки на националниот буџет за култура.

- Министерството за внатрешни работи, прашањата со ред. броеви: 57, 66, 67, 68, 69, 70, 71 и 72, односно:

57. Број на Роми без државјанство кои поднеле барања за добивање на државјанство и се здобиле со истото во 2024.

66. Кои институции работат на поддршка и реинтеграција на Ромите кои биле жртви на кривични дела од омраза.

67. Како надлежните институции ги следи и обработува пријавите за говор на омраза и насилство насочени кон Ромите.

68. Кои мерки за заштита на жртвите на кривични дела од омраза кон Ромите се предвидени во владините политики.

69. Какви мерки за превенција се преземаат од страна на надлежните органи за да се спречат кривични дела од омраза кај Ромите.

70. Какви обуки или програми се организирани за полицајците во врска со препознавање и третирање на кривични дела од омраза кон Ромите.

71. Број на Роми-жртви на семејно насилство (разделени по пол) се евидентирани во системите за 2024 година. Како државата и институциите се справуваат со семејното насилство, кои се мерките за превенција и заштита.

72. Број на Роми -жртви на трговија со луѓе (разделени по пол) се евидентирани за 2024 година и колку од нив биле сместени во шелтер центар. Дали има шелтер центар достапен за жените и нивните деца и дали е достапен на ромски јазик.

- Министерството за транспорт и Заедницата на единиците на локална самоуправа - ЗЕЛС, прашањата со ред. бр. 49, 50, 52 и 55, односно:

49. Број на легализирани објекти каде живеат Роми во 2024.

50. Број на нелегализирани објекти каде живеат Роми, односно постапката за легализирање е во тек (податок за 2024).

52. На кој начин се обезбедува правна и финансиска поддршка за легализирање на бесправно изградени објекти за домување на лица од ромската заедница кои се во социјален ризик.

55. Реализирани инфраструктурни проекти (улици, пристап до канализација и слично) во места населени претежно со ромско население во 2024 година (разделени по буџет-локален, национален или донаторски).

Влада на Република Северна Македонија

Генерален секретаријат
Сектор за правни работи

- Министерството за локална самоуправа и Заедницата на единиците на локална самоуправа-ЗЕЛС, прашањето со ред. бр. 48, односно:

48. Број на ромски населби во општините кои не се урбанизирани, односно за кои општината нема донесено детален урбанистички план. Кои се плановите на општините во насока за урбанизирање на ромските населби.

- Министерството за правда, прашањата со ред. број 64, 66, 67, 68,69, односно:

64. Ве молам наведете кои измени на легислатива и/или усогласувања ги има преземено Владата за периодот јануари-2024 -февруари 2025 за вклучување на концептот на дискриминација на Роми (концепт антициганизам).

66. Кои институции работат на поддршка и реинтеграција на Ромите кои биле жртви на кривични дела од омраза.

67. Како надлежните институции ги следи и обработува пријавите за говор на омраза и насилство насочени кон Ромите.

68. Кои мерки за заштита на жртвите на кривични дела од омраза кон Ромите се предвидени во владините политики.

69. Какви мерки за превенција се преземаат од страна на надлежните органи за да се спречат кривични дела од омраза кај Ромите.

- Министерството за финансии, за прашањето со ред.бр.75, односно

75. Ве молам обезбедете податоци за предвиден буџет за 2025 година за имплементација на Стратегијата за Роми(разделено по сектори/институции).

- Министерството за здравство, прашањата со ред. бр. од 41 – 47, односно:

41. Која е стапката на морталитет кај ромската заедница во 2023, 2024 и 2025 година.

42. Наведете ја стапката на смртност помеѓу доенчињата Роми и националниот просек за 2023, 2024, 2025.

43. Кој е процентот на опфатеност на жени Роми со гинеколошки услуги (разделено по општини) за 2024.

44. Како жените Ромки ја користат Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца во Р.С Македонија, ве молиме обезбедете извештај за 2024.

45. Дали постои советувалиште за унапредување на репродуктивното и сексуално здравје на жените Ромки во социјален ризик и доставете извештај за неговото работење за 2024 година.

46. Број на здравствени медијатори Роми во Р. С Македонија за 2024 година (разделени по општини) и извештај за нивната работа за 2024 година.

47. Ве молиме известете дали е усогласен начинот на обезбедување на здравствено осигурување за лицата кои немаат комплетна лична документација.

- Министерството за јавна администрација, прашањата со ред. бр. 58 и 63, односно:

58. Број на вработени Роми во државната администарција (разделено по институции, пол, работна позиција) заклучно со февруари 2025.

63. Број на обучени лица во јавната администрација за дискриминација по етничка основа-роми, заклучно со февруари 2025.

- Македонска-радио Телевизија, прашањето со ред. бр. 37, односно:

37. Како финансиски се поддржува развојот на ромската редакција на националната телевизија.

- МОН -Биро за развој на образованието, прашањата со ред. бр. 38 и 39, односно:

38. Дали Бирото за развој на образованието подготви концепт за историја на ромската заедница и идентитет кој беше планирано да биде презентиран на наставни активности во 5-7 одделение.

39. Дали наставните програми во соодветните предмети за 5-7 одделение имаат воведено содржина за ромскиот идентитет, историја и култура.

- Државниот просветен инспекторат, прашањето со ред. бр. 21, односно:

21. Број на извршени инспекциски контроли во средните училишта за бројот на ученици Роми на почеток, средина и завршеток на учебната година 2023/2024.

- Централниот регистар на РСМ и Управата за јавни приходи, прашањето со ред.бр. 61, односно:

61. Број на регистрирани бизниси раководени од Роми, распределени по пол, заклучно со февруари 2025.

- Јавното обвинителство на РСМ, прашањето со ред.бр. 67, односно:

67. Како надлежните институции ги следат и обработува пријавите за говор на омраза и насилство насочени кон Ромите.

- АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Репубиката – Скопје, прашањето со ред.бр. 53, 54, односно:

53. Број на доделени социјални станови на Роми кои аплицирале во корисничката категорија-лица припадници на Ромската заедница социјално загрозени согласно Стратегијата за Роми на РСМ.

54. Број на доделени социјални станови на Роми кои аплицирале во сите 6 (шест) кориснички категории согласно Одлуката.

- Агенцијата за вработување на РСМ, прашањата со ред.броеви: 58, 59, 60 и 62, односно:

58. Број на вработени Роми во државна администрација (разделено по институции, пол, работна позиција) заклучно со февруари 2025.

59. Број на вработени Роми во РСМ заклучно со февруари 2025 (разделено пол, приватен и јавен сектор).

60. Број на невработени Роми во РСМ заклучно со февруари 2025 (разделено по пол).

62. Учество на Ромите во активните мерки за вработување, за периодот јануари 2024-февруари 2025.

- Министерство за правда - Управата за водење на матичните книги, прашањето со ред.бр.56, односно:

56. Број на неевидентирани Роми во редовна матична евиденција заклучно со февруари 2025.

- Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците, прашањето со ред.бр.40, односно:

40. Дали Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците објавува Годишен конкурс за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во РСМ.

- Институтот за јавно здравје, прашањето со ред.бр.16, односно:

16. Колкав е процентот на заболени деца Роми во основното образование во 2024 година.

- Академијата за судии и јавни обвинители на РСМ, за прашањето со ред.бр.70, односно:

70. Какви обуки или програми се организирани за судиите во врска со препознавање и третирање на кривични дела од омраза кон Ромите.

- Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за прашањата со ред. бр: 64, 66, 67, 68 и 69;

64. Ве молам наведете кои измени на легислатива и/или усогласувања ги има преземено Владата за периодот јануари-2024 -февруари 2025 за вклучување на концептот на дискриминација на Роми (концепт антициганизам).

66. Кои институции работат на поддршка и реинтеграција на Ромите кои биле жртви на кривични дела од омраза.

67. Како надлежните институции ги следи и обработува пријавите за говор на омраза и насилство насочени кон Ромите.

68. Кои мерки за заштита на жртвите на кривични дела од омраза кон Ромите се предвидени во владините политики.

69. Какви мерки за превенција се преземаат од страна на надлежните органи за да се спречат кривични дела од омраза кај Ромите.

- Кабинет на министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Роми 2022-2030, за прашањата со ред. бр.76 и 77, односно:

76. Ве молиме да не известите за соработката на Кабинетот со донаторите во Р.С Македонија, кои заеднички проекти ќе се спроведуваат во следниот период со донаторски средства (Генералниот секретаријат го смета како барање за податоци, а не како информација од јавен карактер, поради не совпаѓање со член 3 став 1 алинеа 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер).

77. Кои се идните планови на кабинетот за преземање на афирмативни мерки за усогласување на политиките на Владата со Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, со цел унапредување на состојбата на Ромите во Северна Македонија на национално и локално ниво (Генералниот секретаријат го смета како барање за податоци, а не како информација од јавен карактер, поради не совпаѓање со член 3 став 1 алинеа 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер).

Со почит,

Генерален секретар на Влада
на Република Северна Македонија
Игор Јанушев

Прилог:копија од барање наш број 55-2071/1.

Доставено и до:

- Министерството за социјална политика, демографија и млади
- Министерство за култура и туризам
- Министерството за внатрешни работи

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474 тел: 3111-387

| наш знак | Ваш знак | дата |
| --- | --- | --- |
| 03-1674/6 | | 26-03-2025 |

До:
Институт за истражување и анализи на политики-Ромалитико
Ул: Мајаковски 12/1-18
1000 Скопје

**Предмет:** Доставување одговор по Барање информација согласно закокот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

Врска: арх.бр 03-1674/1 од 14.03.2025 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
|---|---|---|
| 03-1674/5 | | 26-03-2025 |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-1674/1 од 14.03.2025 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр.03-1674/1 од 14.03.2025 година за пристап до информација од јавен карактер, а во врска со следните прашања:

Согласно НАП за приоритетна област Домување 2023-2025

Прашање бр.53: Број на доделени ссоцијални станови на Роми кои аплицирале во корисничката категорија-Лица припадници на ромската заедница социјално загрозени согласно Стратегијата за Роми на РСМ ?

Прашање бр. 54: Број на доделени социјални станови на Роми кои аплицирале во сите 6 (шест) кориснички категории согласно Одлуката ?

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со Вашето барање наш арх.бр.03-1674/1 од 14.03.2025 година за пристап до Информации од јавен карактер, а во врска со горенаведените барани информации, Ве известуваме за следново:

Согласно податоците добиени од страна на Подружница Скопје –Сектор за стопанисување со станбен простор,

АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, не е надлежно за доделување на социјалните станови. Надлежна институција е Комисијата за станбени прашања при Влада на РСМ која го издава актот, додека нашето Друштво постапува по истиот, односно ги склучува договорите. Оттука, АДИССДП нема информација колку станбени единици се

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

доделени на лица припадници на ромската заедница, бидејќи при склучувањата на договорите нашите вработени никогаш не ги прашуваат лицата( закупците) да се изјаснат во однос на етничката припадност.

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска